Врз основа на член 8 став 1 алинеа 29 и член 24 став (1) алинеа 3 а во врска со член 109 став (2) од Законот за електронските комуникации (Службен весник на Република Македонија бр.39/2014, 188/2014, 44/2015, 193/2015, 11/2018, 21/2018, 98/2019 и 153/2019), Директорот на Агенцијата за електронски комуникации на 25.06.2020 година, донесе

**ПРАВИЛНИК**

**за изменување и дополнување на правилникот за параметрите за квалитет на јавните електронски комуникациски услуги кои се остваруваат преку јавна радиокомуникациска мрежа**

Член 1

Во правилникот за параметрите за квалитет на јавните електронски комуникациски услуги кои се остваруваат преку јавна радио комуникациска мрежа (Службен весник на Република Македонија број 35/2019), во член 2 се менува насловот и гласи:
"Обврска на операторите за квалитет на јавни електронски комуникациски услуги кои се остваруваат преку јавна радиокомуникациска мрежа".

Член 2

Во член 3 се менува насловот и гласи:
"Информации за квалитет на јавни електронски комуникациски услуги кои се остваруваат преку јавна радиокомуникациска мрежа".

Член 3

Во член 4 се менува насловот и гласи:
"Обврска на операторите при мерење на параметрите за квалитет на јавните електронски комуникациски услуги кои се остваруваат преку јавна радиокомуникациска мрежа".

Во член 4 став 3 по зборовите "терминална опрема" се додаваат зборовите "и пристап до локацијата" (адреса на која е склучен договорот).

Член 4

Во член 7 став 1 точка б се менува алинеа 1 и станува точка в, а алинеа 7 станува точка г.
Во член 7 став 3 вредноста од "1024MB" се менува со вредноста "10GB".

Член 5

Во член 12 по став (4) се додава нов став (5) кој гласи:
"Агенцијата за електронски комуникации во Националниот извештај може дополнително да објави компаративни податоци за параметри за квалитет на јавни електронски комуникациски услуги кои се остваруваат преку јавна електронска комуникациска мрежа за имплеметирани нови технологии кои ќе бидат само од информативен карактер како посебен извештај".

Член 6

Во Прилог 2 точка 3 Податочен формат после зборот "Map infomap" се додаваат зборовите "kml или kmz формат".

Член 7

Во Прилог 3 се менува дефиницијата за параметарот "Време за воспоставување на повик" која гласи: Време на воспоставување на повик се дефинира како временски интервал од моментот кога од уредот на корисникот испраќа барање за конекција, се додека оној кој го генерира повикот не прими "ALERTING" дека повикот се воспоставил.

Во Прилог 3 за параметарот " Брзина за пренос на податоци преку јавна радиокомуникациска мрежа (GSM, UMTS и LTE) по населени места, вредноста ">20Mbps" се менува со ">55Mbps".

Во Прилог 3 за параметарот "Брзина за пренос на податоци преку јавна радиокомуникациска мрежа (GSM, UMTS и LTE)" по тест рути(патишта), вредноста ">10Mbps" се менува со ">38Mbps".

Член 8

Во Прилог 3 за параметарот "Процент од времето за кое мерниот уред работел на поединечни технологии(GSM, UMTS и LTE) " се брише " ≥10% (Минимална гранична вредност на процентот од времето за кое мерниот уред работел на LTE технологија за секое MNC одделно) ".

Во прилог 3, точка 2 после зборовите "податочен приказ" се додаваат зборовите" со мерни резултати усреднети на 50 метри".

Член 9

Во прилог 4 во делот "Методологии за мерење на квалитет на услуга-пренос на говор" се додава точка 9 која гласи "Се вршат мерења во насока mobile to mobile"

Во прилог 4 во делот "Методологии за мерење на квалитет на услуга-пренос на говор" се додава точка 16 која гласи "Се вршат мерења во насока mobile to fix"

Во прилог 4 во делот "Методологии за мерење на квалитет на услуга-пренос на податоци" вредноста од "1GB" се менува во "10GB".

Во прилог 4, во делот "Методологија за мерење на квалитет на услуга-квалитет на говор", во точка 4 се брише зборот "NemoOutdoor".

Во прилог 4, "Методологија за мерење на квалитет на услуга-квалитет на говор", точка 5, зборовите "се користат 3 телефонски апарати со апликација за комуникација и споредување на говор Nemo Media Router и Nemo Voice Server, со можност за меѓусебно комуницирање, сè со цел снимање и репродуцирање на MOS-LQO вредности "се заменуваат со зборовите" се користат телефонски апарати со апликација за комуникација и споредување на говор со можност за меѓусебно комуницирање, сè со цел снимање и репродуцирање на MOS-LQO вредности".

Во прилог 4, во делот ”Методологија за мерење на квалитет на услуга-квалитет на говор”, се брише точка 7.

Во прилог 4, ”Методологија за мерење на квалитет на услуга-квалитет на говор”, точка 9, зборовите ” Се воспоставува повик mobile to fix или mobile to mobile, се снимат MOS-LQO вредностите во двете насоки” се заменуваат со зборовите ”Се воспоставува повик mobile to mobile, се снимат MOS-LQO вредностите во двете насоки”.

Во прилог 4, во делот ”Методологии за мерење на квалитет на услуга-квалитет на говор” во точка 10 зборовите ”Корисничка страна – мобилен уред (појдовна насока) – оценка добиена од страна на NMR кај мобилниот уред” се заменуваат со зборовите ”апликацијата за генерирање на MOS оценка кај мобилниот уред”.

Член 10

Во прилог 5 во делот ”Тест рути- Автопати и магистрални патишта” после точка 6 се додава нова точка 7 која гласи:
”Делница 4’ -Кондово-Обиколница Скопје-Миладиновци-Свети Николе-Штип (93km)”

Член 11

Овој правилник влегува во сила со денот на неговото објавување во Службен весник на РМ.
По влегувањето во сила, Правилникот ќе биде објавен на веб-страната на Агенцијата.

Директор
Сашо Димитријоски

Арх.број 0101-169/5
Скопје, 26.06. 2020 година